Издадено од:
Општина Гази Баба Скопје
www.investinmgbskopje.com
contact@gazibaba.gov.mk

INVEST MGB
Municipality of Gazi Baba - Skopje, Macedonia

МЕСТО ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС
ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЗОНА 2 АВТОКОМАНДА

# # 2.2 **НОВА** ОПШТИНСКА ЗГРАДА

СЛИКА - АРХИВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



# #2.2 **НОВА** ОПШТИНСКА ЗГРАДА
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
## АДМИНИСТРАЦИЈА, БИЗНИС И ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
41°59'59.9"N 21°27'08.2"E




Бул.Александар Македонски




Бул.Александар Македонски




- Урбана легенда на зоната:

А - Бул.Александар Македонски
Б - Бул.Александар Македонски навечер
В - Сегашна општинска зграда

БУЛ. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ – СТРОГ ЦЕНТАР НА ГРАДОТ
УРБАНА ЗОНА

### Тип на проект

Новата општинска зграда, преку детален урбанистички план и проектна конверзија на урбани намени претставува В4 – градежно земјиште од 0,68 ha и бруто изградена површина 4,75ha. Во проектот, 49% од целата бруто изградена површина се предвидени за компатибилни цели, преку реализација на мал бизнис и комерцијални објекти, голем трговски центар, големи кетеринг објекти, деловни простории, хотелски комплекс и државна институција.

### Опис

Проектот е лоциран во подножјето на парк-шумата Гази Баба, до булеварот Александар Македонски, во урбана зона 2, на градежно земјиште од 0,68ha. Локацијата е оддалечена само 1,5 km од строгиот центар на градот. Проектот е лоциран на една од најатрактивните локации во градот, покрај Скопскиот саем, хотелот Континентал, студентскиот дом Стив Наумов и неколку објекти на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј", веднаш до градската регионална и меѓународна железничка и автобуска станица, со брз пристап до сите делови на градот. Овој проект нуди можност за јавно приватно партнерство со ко-инвестирање во имплементација на овој проект како комбинација од општинска зграда и бизнис и комерцијален комплекс. Во таа насока, оваа локација нуди брза и одлична конекција од булеварот Александар Македонски со автопатот А2 и градската северна обиколница А4, како и брза конекција со аеродромот Александар Велики.

### Стратегија за имплементација

Ќе биде понудена на пазарот на недвижности преку систем на електронско наддавање на државното градежно земјиште.

### Достапност на јавен превоз

Преку градските автобуски линии: 2, 16, 50, 52, 53, 54, 62, 63, 65, 68, 69 и многу други, оваа локација е поврзана со сите делови од градот Скопје.

### Сопственост

Приватна сопственост.

### # ЗОНА 2

| | |
|---|---|
| Површина | 0,68 ха |
| Оддалеченост од центарот на Скопје | 1,5 км |
| Оддалеченост од железничка станица | 0,5 км |
| Оддалеченост од аеродром | 15 км |
| Општ. зграда со компатибилни намени | 0,68 ха |

### Пазар на недвижност – Зона # 2
Есен - 2015

| | | | |
|---|---|---|---|
| Канцеларии | Цени | (€/м2) | 2000 |
| | Закуп | (€/м2/год.) | 144 |
| Дуќани | Цени | (€/м2) | 2200 |
| | Закуп | (€/м2./год.) | 168 |
| Живеалишта | Цени | (€/м2) | 1050 |
| | Закуп | (€/м2/год.) | 60 |

ЛОКАЦИЈА НА ЗОНАТА




СЕГАШНА ОПШТИНСКА ЗГРАДА

